Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

МАПАС

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

# Е-МАПАС
# БР.52

# ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (ЗАШТЕДА ВО ДОБРОВОЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ)

ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

Штедење значи чување на материјални добра или пари за нивно користење во некој иден временски период. Штедењето пари за пензија е важно заради обезбедување на средства за живот во старост. Штедењето во доброволен пензиски фонд е најдобар начин за обезбедување на средства во повозрасните години, дотолку повеќе ако тоа е дополнување на задолжителното пензиско осигурување.

Придобивки од доброволното пензиско осигурување:

1. Финансиска независност во пензионерските денови. Доброволното пензиско осигурување претставува можност за заштедување на средства за пензија или дополнителни средства кои го зголемуваат животниот стандард по завршувањето на работниот век.
2. Флексибилност во уплатите. Членовите имаат можност да ја планираат висината и фрекфенцијата на уплатите според сопствените можности.
3. Долгорочен раст на средствата во пензиските фондови се инвестираат на финансиските пазари, што обезбедува акумулација и зголемување на уплатените средства.
4. Наследност на заштедите. Во случај на смрт на членот на пензиски фонд, заштедите се наследуваат од страна на наследниците.

Штедењето во доброволно пензиско осигурување започнува со зачленување во едно од пензиските друштва и членување во доброволен пензиски фонд.

Членување во доброволни пензиски фондови

Член на доброволен пензиски фонд може да биде секое лице кое има навршено 15 години и е сопственик на доброволна индивидуална сметка или учесник во професионална пензиска шема со сопствена професионална сметка. Членот може да уплаќа доброволен придонес сам за себе, или пак тоа за него да го врши трето лице (уплаќач) или осигурител кој финансира професионална пензиска шема.

Лицето станува член на доброволен пензиски фонд на следниве начини:

- Со потпишување договор за членство и отворање доброволна индивидуална сметка.
- Со учество во професионална пензиска шема и отворање професионална сметка од страна на работодавач.

**ШТЕДЕЊЕТО ВО МЛАДОСТА Е ТЕМЕЛ НА ДОСТОИНСТВЕНА СТАРОСТ.**

**АНОНИМЕН**

**ОНА ШТО ЌЕ ГО ЗАШТЕДИШ ДЕНЕС, ЌЕ ТЕ ЗАШТИТИ УТРЕ.**

**АНОНИМЕН**

Друштвото кое управува со пензискиот фонд отвора сметка веднаш по првата уплата на средства. Едно лице може да има само една доброволна индивидуална сметка и една професионална сметка, кои може да се во ист или различен доброволен пензиски фонд.

Уплата и инвестирање на доброволни придонеси

Средствата се уплаќаат на сметката на членот на доброволниот пензиски фонд. Членот, уплаќачот или осигурителот (работодавачот) слободно ја одредуваат висината и динамиката на уплатите, а прекинот или промената на висината на уплатите не влијаат врз правото на членство и оплодување на средствата.
Придонесите во доброволниот пензиски фонд се инвестираат во финансиски инструменти со цел остварување на највисок принос во полза на членовите и менаџирање на ризикот и на тој начин расте заштедата за пензија.

Исплата на средства од доброволно пензиско осигурување
Заштедените средства во доброволно пензиско осигурување може да се повлечат најрано десет години пред возраста за стекнување право на старосна пензија. Средствата може да се подигната еднократно, повеќекратно, како ануитет или програмирани повлекувања или комбинација од овие два вида.

Заклучок

Доброволното пензиско осигурување претставува важен инструмент за финансиска стабилност и безбедност. Со можноста за флексибилни уплати и професионалното управување на средствата од страна на пензиските друштва, оваа форма на заштеда е од суштинско значење за обезбедување на достоинствена старост. Навремено планирање и редовни уплати можат значително да придонесат кон подобрување на животниот стандард во пензионерските години.

## СООПШТЕНИЕ ЗА НАСТАНОТ “ДОБРЕДОЈДОВТЕ БРУЦОШИ – ПРВ АКАДЕМСКИ ЧАС НА УКИМ”

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС заедно со пензиските друштва КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, САВА пензиско друштво а.д. Скопје и ТРИГЛАВ пензиско друштво АД Скопје учествуваше на настанот за стартот на новата академска година за сите бруцоши на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” (УКИМ)”.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***




## КОМИТЕТ ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ: ФИНАНСИСКАТА СТАБИЛНОСТ Е ЗАДРЖАНА

И покрај повеќето кризи стабилноста на финансискиот систем е задржана, а ризиците останаа на умерено ниво. Минатата година финансиските институции работеа во поповолен макроамбиент и оствария солидни резултати и продлабочена финансиска интермедијација. Но сепак, и натаму постојат ризици и неизвесности главно поврзани со надворешното опкружување и влијанието на геополитичките превирања и геоекономската фрагментација. Ова се дел од констатациите од денешната седница на Комитетот за финансиска стабилност, којшто се одржа во Народната банка.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***



# ОСМО ИЗДАНИЕ НА ДЕНОВИТЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПИСМЕНОСТ 26 -28 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА

Од 26 до 28 ноември годинава ќе се одржи осмото издание на Деновите на финансиска писменост, коишто се организираат од финансиските регулаторни институции: Народната банка, Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС и Агенцијата за супервизија на осигурување, заедно со приватниот финансиски сектор.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***




**ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)**
**Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**Тел: (02) 3224 229**
**www.mapas.mk**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

TÜV NORD CERT GmbH ISO/IEC 27001